Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 99/18), **Министерство за транспорт и врски,** на ден **24.01.2019 година**, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1.За плански документ **Државна урбанистичка планска документација за прифатен центар за странци на КП 35, КО Бардовци, Општина Карпош**, кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страна на Министерството за транспорт и врски на следната адреса: http://www.mtc.gov.mk/ .

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и одбразецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Државна урбанистичка планска документација за прифатен центар за странци на КП 35, КО Бардовци, Општина Карпош** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: на површината на предметниот локалитет се предвидени следниве класи на намена:

- Група на класа на намена – В (Јавни институции)
- Основна класа на намена – В4 (Државни институции),

со можност на вградување на компатибилни класи на намена на основната во рамки на дозволениот процент согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
Според ова при реализација на предвидените класи на намена не постојат основни индикации за значајни влијанија врз животната средина и социо-економски аспекти на просторот во непосредната околина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр.24-844/1. од 24.01.2019 година**
**Скопје**

**Министерството за транспорт и врски**
**Министер,**
**Горан Сугарески**